РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Национална установа - Центар за култура "КОЧО РАЦИН" - Кичево
Institucioni Nacional Qendra e Kulturës "KOÇO RACIN" - Kërçovë

| Примено / Pranuar | 20.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица / Njësia org | Број / Numri | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03 | 25/1 | | |


**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ**
**Бр. УП1 21-744/2025**
**16.02. 2026 год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 154/19 и 121/24) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), министерот за култура и туризам донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. За проекти од национален интерес во културата за 2026 година кои се содржани во Нацрт-годишната програма за работа на Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево за 2026 година доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 21-744 од 30.06.2025 година **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- од областа на драмската дејност:

| | |
|---|---|
| 1.1. „Зоки поки“ - автор Оливера Николова, режија Михајло Петревски (на македонски јазик) | 65.000 ден. |
| 1.2. „Кралицата на боите“ - режија Ерјона Ахмети (на албански јазик) | 65.000 ден. |

- од областа на фолклорна дејност:

| | | |
|---|---|---|
| 1.1. „Традиционален Велигденски концерт“ | 100.000 ден. | програма 47 ставка 464 |
| 1.2. „22 Новември- Денот на албанската азбука“ | 100.000 ден. | програма 47 ставка 464 |
| 1.3. Материјални трошоци за работа на установата | 50.000 ден. | програма 47 ставка 464 |
| 1.4. 19-ти Меѓународен фолклорен фестивал на народни песни и ора „Д-р Владимир Полежиноски“ | 300.000 ден. | програма 70 ставка 464 |

- од областа на музичката и музичко-сценската дејност:

1.1. Концерт „Бесарта Муртезани и Ансамблот ДАРДАНУС“ 80.000 ден.

- од областа на библиотечната дејност

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | Културни манифестации и активности за популаризација на книгата и читањето | 40.000 ден. |
| 1.2 | Денот на книгата и заштита на авторското право " КНИГАТА и ЈАС" | 30.000 ден. |
| 1.3 | Набавка на книги на македонски јазик | 90.000 ден. |
| 1.4 | Набавка на книги на албански јазик | 90.000 ден. |

- од областа на визуелните уметности архитектура и дизајн

| | | |
|---|---|---|
| 1.1 | 12-та Меѓународна младинска керамичка работилница -Кичево | 200.000 ден. |
| 1.2 | Изложба „Парчиња " Денис Халити | 40.000 ден. |
| 1.3 | Тајните на небото изложба на Габриела Петровска | 40.000 ден. |
| 1.4 | Боите на соништата | 35.000 ден. |
| 1.5 | „Динамични наслојувања" -Стефан Анчевски | 40.000 ден. |
| 1.6 | „Оган" Бојана Артиновска(превземање од НУЦК Марко Цепенков -Прилеп) | 35.000 ден. |
| 1.7 | Изложба „Piece of Art" на Марјан Стојаноски | 40.000 ден. |
| 1.8 | Изложба на стрип и уметничка карикатура - ДИСТОПИСКИ СВЕТОВИ Златко Крстески | 40.000 ден. |

- Од областа на литературата и издавачката дејност:

1.1 5ти МАЈ ДЕН НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И МАКЕДОНСКАТА АЗБУКА 100.000 ден.

- инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:

1.1. Поставување на адресибилен систем за дојава на пожар 136.250 ден.

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево за 2026 година доставена до Министерството за култура и туризам под бр. УП1 21-744 од 30.06.2025 година од областа на:

- фолклорна дејност:

2.1. Школа за народни инструменти
2.2. Школа за народни танци и ора
2.3.Школа за албански народни ора
2.4. Школа за албански народни инструменти
2.5. Концер АДИЛ и пријателите

- музичката и музичко-сценската дејност:

2.1. „Традиција во современ звук"

- библиотечната дејност

| | |
|---|---|
| 2.1 | Поетска рацинова вечер по повод патрон празник на НУ ЦК "Кочо Рацин" |
| 2.2 | Одбележување на светскиот ден на поезијата |
| 2.3 | Поетски ЅВЕЗДИ - ЖЕНА |
| 2.4 | Заедно растеме и учиме |
| 2.5 | Читаме, пишуваме, осознаваме |
| 2.6 | Светски ден на писменоста "Писменоста и децата" |
| 2.7 | Роднокрајни средби на кичевските писатели - Мултикултурализмот на роднокрајните писатели во Кичево |

- визуелните уметности архитектура и дизајн

2.1 Нашите корени патување низ албанската историја

2.2 „Деструкција на просторот “ -Нови уметнички хоризонти - Јован Наумоски

- инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема:
2.1. Промена на теписоните (синтелонот) во фоајето на центарот
2.2. Промена на прозори и врати во центарот за култура втора фаза
2.3. Музеј галерија Омер Калеши
2.4. Набавка на канцелариски мебел (столици и бироа) за канцелариите во центарот
2.5. Галерија

**СЕ ОДБИВААТ.**

3. Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2026 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура и туризам доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за:програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат средствата кои се планирани да се остварат по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации.Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура и туризам на ден 05.06.2025 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување Нацрт годишна програма за 2026 година.

Национална установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево, со допис бр. УП1 21-744 од 30.06.2025 година до Министерството за култура и туризам достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2026 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт- годишната програма одлучува министерот за култура и туризам на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (5) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за драмска дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 20-1006/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево предложи проектите од

точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за фолклорна дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-283/3 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за фолклорна дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-283/3 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево предложи проектите од точката 2 на ова решение, да се одбијат од следниве причини:

-Школа за народни инструменти нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија

-Школа за народни танци и ора нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија

-Школа за албански народни ора нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија

-Школа за албански народни инструменти нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија

-Концерт АДИЛ и пријателите нема соодветна уметничка и естетска вредност и не претставува национален интерес на Република Северна Македонија

Комисијата за музичката и музичко-сценската дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-1007/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево предложи проектот од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се избере за проект од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за музичката и музичко-сценската дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 21-1007/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево предложи проектот од точката 2 на ова решение, да се одбие од следниве причини: поради тоа што не содржи доволна аргументација за неговата уметничка и естетска оправданост, дополнително нема задоволително ниво за проект од национален интерес.

Комисијата за библиотечна дејност до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 30-755/3 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за библиотечна дејност до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 30-755/3 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин" – Кичево предложи проектите од точката 2 на ова

решение, да се одбијат од следниве причини: не соодветствуват со приоритетите на годишните конкурси, недоволно образложена соодржина на проектите и непрецизно образложен финансиски план на побараните средства.

Комисијата за визуелни уметности архитектура и дизајн до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-1008/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за визуелни уметности архитектура и дизајн до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 23-1008/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево предложи проектите од точката 2 на ова решение, да се одбијат од следниве причини:

- Нашите корени патување низ албанската историја - проектот се одбива, бидејќи проектот не е од областа на визуелните уметности, туку од областа на музејска дејност;
- „Деструкција на просторот “ -Нови уметнички хоризонти -Јован Наумоски - проектот се одбива, бидејќи авторот е веќе прифатен на Годишниот конкурс за финансирање од национален интерес за 2026 година на кој аплицирал како физичко лице.

Комисијата за литература и издавчка дејност за 2026 година до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 24-1009/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 50-1011/1 од 30.01.2026 година со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2026 година.

Комисијата за инвестиционо и техничко одржување на објектите и опремата до министерот за култура и туризам достави Извештај бр. 50-1011/1 од 31.01.2026 година со кој од Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Центар за култура „Кочо Рацин“ – Кичево предложи проектите од точката 2 на ова решение да се одбијат од следниве причини: се одбива бидејќи не се комплетно доставени и не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и туризам, не може да се утврди националниот интерес, како и ограничените буџетски средства за оваа намена.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и туризам и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура и туризам одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

**М И Н И С Т Е Р**

**Зоран Љутков**

Доставено до:
-Националната установа
-архивата на Министерството за култура

Подготви: Бесим Ибраими, советник
Подготви: Беса О.Муртеза, раководител на одделение
Одобри: Снежана Иванова-Китанова, помошник раководител на Сектор
Подготви/Одобри: Елена Николовска, раководител на одделение
Подготви м-р Мариела М.Аџигогова, советник
Одобри Александра Север, раководител на одделение
Согласен: м-р Маја Седрак, раководител на Сектор

Подготви: Lumturije Zajazi, раководител на одделение
Согласен: м-р Оливера Ливриниќ, раководител на сектор
Одобри: Afed Jashari, државен советник

Подготви: м-р Весна Ѓуровска, раководител на одделение
Одобри: д-р Билјана Туџаровска-Ќупева, раководител на Сектор
Согласен: м-р Катерина Пејкова, државен советник

Подготвил: Цветанка Јакимовска, советник
Согласен: Владимир Попоски, раководител